*June'13*



# NEWS*letter*

Веруваме дека знаењето треба постојано да се надградува и да се вложува во сопствената едукација, затоа што за нас, образованието не е само подготовка за животот, туку е и самиот живот. Универзитетот е место каде студентот не само што учи како да заработи за живот, но уште повеќе учи како да го живее животот. Најважната функција на образованието на кое било ниво е да ја развие индивидуалноста и да го зголеми значењето на сопствениот живот кон себеси и кон другите.
Врз основа на овие убедувања, со цврсто верување и многупати докажани тези, ја создаваме секоја нова програма и одиме чекор понапред во промовирањето на едукацијата. Целта ни е да го наметнеме мислењето дека дообразованието треба да биде поблиско и попристапно до секого, секогаш, секаде.

*Марија Никовска*
*Директор*

Академија за Менаџери

The University Of Sheffield.

CITY College An International Faculty Of The University.








На **ПЕТТИОТ** модул кој го организираше Академијата за Менаџери во 2013 година, учесниците имаа можност да ги продлабочат своите знаења од областа на анализирањето на финансиските извештаи. На ова викенд предавање, детално беше објаснет процесот на креирање на сметководствените информации, во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), а потоа истите беа анализирани и интерпретирани. На тој начин кај студентите се поттикна критичкото, наместо автоматско прифаќање на основните претпоставки зад сметководство. Овој модул им помогна на идните менаџери да научат како се чита меѓу редовите на сметководствените податоци, со цел да можат да креираат одржлива конкурентна предност за нивната компанија во согласност со МСС и МСФИ. Предавањето го одржа професор Панајота Скуларики од Универзитетот Шефилд и Меѓународниот факултет – СИТИ Колеџ, која има повеќе од 20 годишно искуство како специјалист по Меѓународни сметководствени стандарди, Ревизија, Општествена одговорност и Етика и Корпоративни финансии.

**ШЕСТОТО** предавање беше дизајнирано со цел да им помогне на студентите да се здобијат со солидни познавања од облста на е-бизнисот, дигиталниот маркетинг и социјалните медиуми, како и да се запознаат со примената на алтернативните и нови промотивни алатки. Дополнително, студентите имаа можност да слушнат за новите барања во една компаниска средина на 21от век, како и да ги видат новите методи на работење, современите организациски структури и стиловите на управување наметнати од секојдневните технолошки иновации. Предавањето беше предводено од професор Александрос Харалампидис, Менаџер за дигитална стратегија и социјални медиуми и истакнат гостин професор на Универзитетот Шефилд и Меѓународниот факултет – СИТИ Колеџ.




Академијата за Менаџери зема учество на овогодинешниот

## САЕМ НА ОБРАЗОВАНИЕ И КАРИЕРА

кој се одржа од 10-12 април во Скопје, како претставништво на Универзитетот Шефилд и Меѓународниот факултет - СИТИ Колеџ од Солун. На нашиот штанд беа промовирани парцијалните стипендии кои ги нуди СИТИ Колеџот и покриваат до 30% од академските трошоци за додипломските и постдипломските студии.
Истовремено ги промовиравме и новите програми за додипломски студии за Компјутерски науки - Internet Computing и Business Informatics, како и новата програма за постдипломски студии – Digital Marketing and Social Media.
За време на саемот беше присутен и Директорот за регрутација на Меѓународниот факултет - СИТИ Колеџ, г-дин Грегори Дикеос.

На 28 јуни во просториите на Академијата за Менаџери во Скопје се одржа

## ОТВОРЕН ДЕН

за новите студенти запишани на Меѓународниот факултет - СИТИ Колеџ во Солун. На средбата беа присутни новите и тековните студенти на Универзитетот Шефилд и СИТИ Колеџот во Солун.
Учесниците на Отворениот ден имаа можност да се запознаат меѓусебно и да разменат контакти, а новите студенти ја имаа можноста да ги дознаат сите дополнителни информации во врска со нивните студии – од сместувањето и студентскиот престој, се до очекувањата, предизвиците и социјалниот живот.
Целта на Отворениот ден беше новите студенти на Меѓународниот факултет - СИТИ Колеџ да бидат подготвени за стартот на новата академска година и за нивниот студентски престој во Солун во следните неколку семестри.







Во наредната година Академијата за Менаџери ќе имплементира тренинг програма за менаџерските тимови на здравствените установи во Република Македонија. Проектот е поддржан од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување и ќе опфати четири различни модули: Економија на здравство, системи и политики; Организациско однесување; Организациски промени; и Менаџмент на синџири на снабдување. Академијата за Менаџери за оваа тренинг програма обезбеди врвен академски кадар од Универзитетот Шефилд и СИТИ Колеџот од Солун. Целосната програма е креирана од Универзитетот Шефилд. Првото од серијата предавања кои ќе се одржуваат за време на 3 викенди на Медицинскиот факултет во Скопје, се одржа во текот на месец јуни и јули, на тема

## ЕКОНОМИЈА НА ЗДРАВСТВО, СИСТЕМИ И ПОЛИТИКИ.

Учесниците имаа можност на овој модул да го посетуваат предавањето на истакнатиот професор Џорџ Боултон од Велика Британија, кој поседува професионални квалификации во полето на менаџментот на здравствениот сектор. Професор Боултон поседува огромно искуство во здравствениот сектор на Велика Британија, како и на Балканот, каде има вршено многубројни обуки во рамки на програмите на Светската Банка.

POST CARD

FOR CORRESPONDENCE

FOR ADDRESS ONLY

Една календарска година е еден временски циклус, започнува на **1**ви јануари и завршува на **31**ви декември. Во нашиот свет, каде времето го мериме според квантитетот и квалитетот на стекнато знаење, циклусот започнува во септември и завршува во јуни. Затоа, сега кога сме на крајот на силите и кога ни е потребна почетната енергија, пред да се впуштиме во безгрижен авантуризам, да застанеме и да размислиме колку ново знаење сме стекнале во изминатите месеци, колку нови искуства и колку ни се изменил квалитетот на животот. И тогаш, кога ќе се увериме дека за содржината на денот и животот сега имаме повисоки стандарди, да ги направиме плановите за следниот циклус. Ние сме тука и ве чекаме со нови квалитетни содржини и модули. Она во што веруваме и ние самите го применуваме, затоа секој нов академски циклус го започнуваме побогати со нови идеи и решенија.

**Ние учиме заедно со вас.**

Series 321 A